РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1905/1
15.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **12.04.2024 година**.

Во рамки на овој извештај Ве известуваме за следното:

- Со допис, објавен на веб страницата на Агенцијата и доставен до Македонска телевизија – прв и втор сервис, и до приватните телевизиски програмски сервиси на државно ниво, радиодифузерите беа известени за констатациите од мониторингот за остварувањето на обврската за обезбедување пристапност на содржините за изборите на лицата со попреченост согласно Изборниот законик. Посочени се одредени точки на кои радиодифузерите треба да обрнат внимание.

- Доставен е одговор на Претставка, приговор со вонсудска опомена пред тужба од политичката партија Левица, во која таа реагираше на Нацрт-упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024. Во Одговорот, Агенцијата посочи дека Упатството не е поврзано со принципите на баланс во покривањето на изборниот туку го појаснува начинот на примена на правилата од Изборниот законик за платеното политичко рекламирање, бесплатното политичко претставување, обезбедувањето пристапност на содржините за изборниот процес за лицата со попреченост, правилата за известување во деновите на изборниот молк, како и за распределбата на времето во вести кај Јавниот радиодифузен сервис. Членот 75-ѓ став 1 од Изборниот законик не говори за учесници во изборна кампања туку за политички партии. Ваквиот системски пропуст не значи дека на претседателските кандидати не треба да им се овозможи ППР во рамки на ограничувањата од одредбата поради што распределбата на времето за ППР на кандидатите за претседател се врши согласно политичките партии кои го/ја поддржуваат кандидатот/ката. По добиената претставка, Агенцијата и ДИК испратија заеднички допис до претседателот на Собранието, кој во својот одговор наведе дека политичката партија ГРОМ е застапена во Парламентот со еден пратеник.

- Со Соопштение за јавноста, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го осуди повторното етикетирање и дискредитирање на ТВ Канал 5, во објава на претседателот политичката партија Левица, Димитар Апасиев на социјалната мрежа Фејсбук. Во Соопштението се потсетуваат

политичарите и носителите на јавни функции за одговорноста што ја имаат пред граѓаните, почитта кон новинарска професија, медиумите, и на стандардите утврдени во Кодексот на однесување во онлајн сферата за време на изборни процеси и референдуми. Соопштението е достапно на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**